

**Одбележан 30-годишниот јубилеј на Литературното друштвото „Браќа Миладиновци“ од Торонто, Канада со промоција на книката „My Broken Heart“ („Моето скршено срце“) од Вера- Верка Петровски. Друштвото е едно од најзначајните и долговечни културни асоцијации на северно - американскиот континент. Тоа има за цел да ги зближи македонските доселеници во Канада, кои потекнуваат од сите делови на Македонија и кои се занимаваат со пишаниот збор**

По повод 30-годишниот јубилеј на Македонското литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто, Канада, излезе од печат автобиогравското дело под наслов **„ My Broken Heart“ („Моето скршено срце“), 2018, 1-198 (на англиски јазик), од Вера - Верка Петровска**
, во издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје.

Ова најново дело на првата претседателка на Литературното друштво „Браќа Миладиновци“, Вера Вржовска – Петроски беше промовирано во Катедралната македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Торонто на 28 октомври 2018 година. Пред поголем број присутни, особено членови на Друштвото, книгата ја претстави Ели Танасковска, уредник во Македонската телевизија - Скопје.

Исто така, на присутните им се обратија членови на Друштвото „Браќа Миладиновци“, меѓу кои: претседателката на Друштвото Маја Доневска – Ивановска, потпретседателката Драгица Димовска, потоа поетесите Рада Видиновска, Блага Дафовска, свештеникот Илија Донев и други, а присутните ги забавуваше естрадниот уметник, Соња Лозановска. Присутните ги поздрави и д-р Јовица Палашевски, генерален конзун на Република Македонија во Торонто, Канада.


БЛАГОДАРНИЦА